Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PER PLANIFIKIM HAPESINOR

| |
|---|
| Архивски знак:________ |
| Рок на чување:________ год. |
| ________ 202__ год. |
| Потпис, |

Арх.бр. УП1-15 2476/2023

Дата: ......28-11-2023

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Градско ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот со намена мултинаменски комплекс, на дел од КП 57/1, КП 57/2, КП 54/3, КП 54/4, КП 54/2, дел од КП 263 и дел од КП 55/1, во м.в. Тркало, КО Згрополци, Општина Градско.**
   - Површината на планскиот опфат за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува **33,37 ха**.
   - Планскиот опфат зафаќа земјиште од 3-та и 4-та бонитетна класа.
   - Согласно основните цели и одредби од Просторниот план: "Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y41023** се составен дел на Решението.

3. Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

4. Условите за планирање на просторот со намена мултинаменски комплекс, на дел од КП 57/1, КП 57/2, КП 54/3, КП 54/4, КП 54/2, дел од КП 263 и дел од КП 55/1, во м.в. Тркало, КО Згрополци, Општина Градско содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

5. Планскиот опфат на предметната локација влегува во пружниот појас на пругата Велес - Гевгелија, во предвидената акумулација Згрополци и во непосредна близина на река Вардар. При изработката на проектната документација потребно е да се почитува Мислењето од ЈП ЖРСМ Инфраструктура - Скопје и Известувањето од МЖСПП - Управа за животна средина - Сектор за води.

6. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 89/22 и 171/22) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

7. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно неспроведувањето, согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.
При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за предметната документација со намена мултинаменски комплекс, на дел од КП 57/1, КП 57/2, КП 54/3, КП 54/4, КП 54/2, дел од КП 263 и дел од КП 55/1, во м.в. Тркало, КО Згрополци, Општина Градско, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Градско, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 54179 од 26.07.2023 год., до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена мултинаменски комплекс, на дел од КП 57/1, КП 57/2, КП 54/3, КП 54/4, КП 54/2, дел од КП 263 и дел од КП 55/1, во м.в. Тркало, КО Згрополци, Општина Градско.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена мултинаменски комплекс, на дел од КП 57/1, КП 57/2, КП 54/3, КП 54/4, КП 54/2, дел од КП 263 и дел од КП 55/1, во м.в. Тркало, КО Згрополци, Општина Градско и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 2476/2023 од 17.11.2023 година.

Условите за планирање на просторот со намена мултинаменски комплекс, на дел од КП 57/1, КП 57/2, КП 54/3, КП 54/4, КП 54/2, дел од КП 263 и дел од КП 55/1, во м.в. Тркало, КО Згрополци, Општина Градско претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Република Северна Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Скопје / Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk